К.

СОНК

САМОСТОЕН СИНДИКАТ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ, НАУКА И КУЛТУРА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
TRADE UNION OF EDUCATION, SCIENCE AND CULTURE REPUBLIC OF MACEDONIA

Бул. Кочо Рацин 72г, 1000 - СКОПЈЕ, ТЕЛ. 02 3165-129, ФАКС 3224-638

**До: г-дин Асаф Адеми**

**- Министер за култура**

Бр. 0801- 116/5
26-10-2018г.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА
Скопје

| Примено: | 30.10.2018 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| | | | |

**Почитуван г-дин Министер,**

Советот на Самостојниот синдикат за образование, наука и култура на Република Македонија – СОНК, како највисок орган на нашиот синдикат, на својата 14-та редовна седница, одржана на ден 26-10-2016 година, по исцрпната расправа по однос на актуелните состојби во сите дејности што ги застапува СОНК, поединечно за секоја дејност, едногласно донесе Заклучоци, кои Ви ги испраќаме во овој допис:

1. Да се продолжат преговорите помеѓу СОНК и Министерството за култура и во духот на социјалниот дијалог и партнерство да се изнајдат соодветни решенија на отворените прашања за вработените во дејноста култура.
2. Со Министерството за култура да се потпише Колективниот договор за култура, кој веќе е поминат на јавна расправа и се изнајде решение за имплементација на истиот во делот на коефициентите, најдоцна од 01- 01 - 2019 година.
3. Учество со преставници на СОНК како репрезентативен синдикат, во работните групи за изготвување на измени на законски и подзаконски акти во дејноста култура.
4. Советот на СОНК сака да верува дека Вие како ресорен Министер, ќе излезете во пресрет на нашите барања и по пат на социјален дијалог ќе се дојде до взаемни прифатливи решенија. Во спротивно СОНК ќе ги превземе расположливи легитимни синдикални средства за подобрување на социјалниот статус на вработените во оваа дејност.

Од предходно изнесеното, бараме што е можно поскоро да оствариме работна средба со Вас заради изнаоѓање на заеднички решенија по отворените прашања.

Со почит,

**Претседател,**
**Јаким Неделков**

Самостоен синдикат за образование, наука и култура на Република Македонија
1
СКОПЈЕ